# ЈАВЕН ПОВИК

За доставување понуди за набавка на прибор, алат и растителен материјал за изработка на икебани

За потребите на проектот:

**„Натпревар за хортикултурни вештини: создавање идни зелени претприемачи“**

## 1. Предмет на набавка

Здружението на средни училишта Тера Фитон Анимал распишува јавен повик за доставување на понуди од правни субјекти – компании регистрирани за трговија со прибор, алат и растителен материјал за изработка на икебани, за потребите на организација на општински натпревари за горенаведениот проект.

Набавката се однесува на суштински материјали како што се растенија, почва, ѓубрива, градинарски алатки и заштитна опрема за да им се овозможи на учениците да ги завршат задачите за натпреварување. Овие материјали се клучни за практично учење и практична проценка на вештините.

## 2. Опфатени производи во набавката:

Компаниите треба да понудат цени за следните производи:

| | **Прибор и алат** | **Количина**[1] |
|---|---|---|
| 1. | Плитки садови за икебана (керамика, пластика) | 15 броја |
| 2. | Сунѓер за режано цвеќе | 60 броја |
| 3. | Жици (кои помагаат при прицврстување на режаното цвеќе) | 5 снопа |
| 4. | Калемарски нож за сечење на цвеќето | 15 броја |
| 5. | Градинарски ножици за сечење подебели гранки | 15 броја |
| 6. | Ножици | 15 броја |
| 7. | Клешти за сечење тел или жици | 15 броја |
| 8. | Силиконски пиштол | 15 броја |

[1]Во табелата е дадена максималната количина која може да се набави. Количината која ќе се набави ќе зависи од бројот на пријавени натпреварувачи на општинските натпревари.

| | | |
|---|---|---|
| 9. | Силиконски стапчиња | 150 броја |
| 10. | Самолепливи траки | 50 броја |
| 11. | Епрувети | 150 броја |
| 12. | Украсни траки | 50 броја |
| 13. | Канта за вода | 5 броја |

| | **Растителен материјал** | **Количина**[2] |
|---|---|---|
| 1. | Кала (Cala) | 100 броја |
| 2. | Хризантема (Chrisantemum) | 100 броја |
| 3. | Гербер (Gerbera) | 150 броја |
| 4. | Рози (Rosa) | 100 броја |
| 5. | Зеленика | 150 броја |
| 6. | Алстромерија (Alstromeria) | 150 броја |
| 7. | Листови Аспидистра (Aspidistra) | 150 броја |
| 8. | Крин (Lilium) | 50 броја |
| 9. | Еукалиптус (гранки) | 150 броја |
| 10. | Стрелициа (Strelitzia) | 30 броја |
| 11. | Гранки од папрат | 150 броја |
| 12. | Бршлен | 150 броја |
| 13. | Листови монстера | 150 броја |

*Напомена:* Листата може да биде дополнета со конкретни количини при финален договор.

**3. Услови за учество:**

- Да е регистрирана правна компанија која е регистрирана за трговија со прибор, алат и растителен материјал за изработка на икебани;
- Да обезбеди понуда со вклучени единични цени со и без ДДВ;

[2] Во табелата е дадена максималната количина која може да се набави. Количината која ќе се набави ќе зависи од бројот на пријавени натпреварувачи на општинските натпревари.

- Да обезбеди навремена достава до локацијата на училиштата кои ќе организираат општински натпревари.

**4. Начин на поднесување на понудите:**

Понудите треба да содржат:

- Финансиска понуда по наведени ставки (со и без ДДВ);
- Информации за правното лице (назив, адреса, ЕМБС, ДДВ број);
- Рок на достава и услови на плаќање;
- Тековна состојба од Централен регистар не постара од 6 месеци;
- Контакт податоци на понудувачот.

**5. Рок и адреса за доставување:**

Краен рок за доставување на понудите: 21.11.2025, до 16:00 часот

Понудите се доставуваат на е-пошта: aterafitonanimal@gmail.com со назнака: *„Понуда за прибор, алат и растителен материјал за изработка на икебани – Натпревар за хортикултурни вештини“*

**6. Критериуми за избор:**

Понудите ќе се евалуираат според следните критериуми:

- Најниска вкупна цена (50%);
- Квалитет и разновидност на понудени производи (30%);
- Искуство и препораки (20%).

По разгледување на понудите, Здружението ќе избере една компанија која ќе биде известена по електронски пат најдоцна до 24.11.2025.

**7. Забелешка**:

Здружението го задржува правото да не избере понудувач доколку понудите не ги исполнуваат основните критериуми.

Свети Николе, 17.11.2025 година

Претседател на здружението

Игор Николов